# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXXI<br>Број 7<br>Куманово<br>26 мај<br>2026 г. | Претплата за 2026 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
| --- | --- | --- |

283.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на користење без надомест на недвижна ствар, сопственост на Општина Куманово на здружение на граѓани „Доверба“**

1. Се објавува Одлуката за давање на користење без надомест на недвижна ствар, сопственост на Општина Куманово на здружение на граѓани „Доверба“, Бр. 09 – 8190/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-8578/1
22 мај 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

284.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24...), член 25 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седница одржана на 22 мај 2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Здружение на граѓани „Доверба“ Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност недвижниот имот сопственост на Општина Куманово кој се наоѓа на катастарска парцела 14525, дел 0,

намена ДП, ул. „Братство и единство" бр. 1, кат 1, површина од 85m$^2$ запишан во Имотен лист број 83053 за КО Куманово, ДА СЕ ДАДЕ НА КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТОК на Здружение на граѓани „Доверба" Куманово, ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ ОД 5 (ПЕТ) ГОДИНИ.

Член 2

Меѓусебните права и обврски ќе се уредат со договор за користење на недвижен имот опишан во член 1 на оваа одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Куманово.

Бр. 09 – 8190/3
22 мај 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**285.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар, сопственост на Општина Куманово без надоместок на Европска Унија, Делегација на ЕУ во РС Македонија**

1. Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижна ствар, сопственост на Општина Куманово без надоместок на Европска Унија, Делегација на ЕУ во РС Македонија, Бр. 09 – 8190/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-8576/1
22 мај 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**286.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24...), член 25 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седница одржана на 22 мај 2026 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Европска Унија, Делегација на ЕУ во Р.С.Македонија

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност недвижниот имотот Деловна просторија, сопственост на Општина Куманово, катастарска парцела 14795, зграда 1, влез 01, кат ПР, намена Деловна зграда вон стопанство, ул. М.Тито, собност 01, површина 48 м2, објект по скица бр.11 (занаетчиски дом), запишан во Имотен лист број 27479 на Катастарска општина Куманово, ДА СЕ ДАДЕ НА КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТОК на Европска Унија, Делегација на Европската Унија во Република Северна Македонија, Скопје, ВО ВРЕМЕТРАЕЊЕ ОД 5 (ПЕТ) ГОДИНИ заради отворање на „Европска Куќа" Куманово.

Член 2

Со стапување на сила на оваа одлука член 1 став 1 алинеја 5 од Одлуката бр. 09-4437/15 од 12 март 2026 година(Службен Гласник на општина Куманово бр.3/26) кој гласи „Деловна просторија, сопственост на Општина Куманово, по Имотен лист бр. 27479, катастарска парцела 14795 за КО Куманово, зграда 1, влез 01, кат ПР, намена Деловна зграда вон стопанство, ул. М.Тито, собност 01, површина 48 м2, објект по скица бр.11, (занаетчиски дом)", СЕ СТАВА ВОН СИЛА.

Член 3

Меѓусебните права и обврски ќе се уредат со договор за користење на отстапениот простор, сопственост на Општина Куманово, кој да се склучи по влегувањето во сила на Одлуката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Куманово.

Бр. 09 – 8190/4
22 мај 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**287.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

# Заклучок
## за објавување на Одлука за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета висина на штети од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Куманово во 2025 година

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета висина на штети од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Куманово во

2025 година, Бр. 09 – 8190/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-8577/1 Градоначалник
22 мај 2026 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**288.**

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 22 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета висина на штети причинети од природни непогоди и други несреќи на територија на Општина Куманово во 2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештај - Елаборат за проценета висина на штети причинети од природни непогоди и други несреќи на територија на Општина Куманово во 2025 година, бр. 03-3409/2 од 17.03.2026 година, изработен од страна на Комисија за процена и утврдување на висина на штетата од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на општина Куманово.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-8190/5 Совет на Општина Куманово
22 мај 2026 година Претседател,
Куманово **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**289.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за преземање на 1(еден) административен службеник**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за преземање на 1(еден) административен службеник, Бр.

09 – 8190/7, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-8575/1
22 мај 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**290.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 3, став 4 и 5 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 22 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за преземање на 1(еден) административен службеник**

Член 1

Заради зголемен обем на работа во Одделение за информатичка технологија, во состав на Секторот за поддршка на градоначалник и совет на општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија и потребата за доекипирање на истото, се дава согласност за обезбедени финансиски средства од средствата во Буџетот на Општината Куманово, од Програмата Е00 – Општинска администрација, од расходните ставки 401 – основни плати и 402 – придонеси за социјално осигурување, за трајно преземање на 1(еден) административен службеник – од работно место Помлад соработник за администрирање со бази на податоци, во Одделение за информатичко комуникациска технологија во локален економски развој при општинската администрација на Општина Кавадарци, со шифра на работно место УПР 01 01 В04 000, ниво В04, на работно место Помлад соработник за административна поддршка за информатичка технологија, во Одделение за информатичка технологија, во Сектор за поддршка на градоначалник и совет на општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија, со шифра на работно место УПР 01 01 В04 000, ниво В04

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 8190/7
22 мај 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

291.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Општински енергетски план за 2027 за Општина Куманово**

1. Се објавува Општински енергетски план за 2027 за Општина Куманово, Бр. 09 – 8190/6, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 22 мај 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-8574/1
22 мај 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

292.

Врз основа на член 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и Правилник за форма, содржина и методологија за изработка на општински енергетски план („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 54/26),член 62 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 22 мај 2026 година, донесе:

# ОПШТИНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ ПЛАН ЗА 2027 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА КУМАНОВО

# 1. ВОВЕД

Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово е изготвен како обврска од Законот за енергетика (Сл. весник бр. 101/25 и 135/25) и Правилник за форма, содржина и методологија за изработка на општински енергетски план (Сл весник бр. 54/26) и во него се опфатени мерки и активности за локалниот енергетски развој кои се усогласени со националните стратешки документи. Законот за енергетика, кој влезе на сила неполна година пред изготвување на овој План, освен што дава законска обврска за донесување на општински и државни енергетски планови, создава правна рамка во која се транспонираат ЕУ директиви од четвртиот енергетски пакет. Со законот се поставени темелите на идниот развој на енергетиката, како во Еврoската унија, така и во сите земји од Европа. Република Северна Македонија како потписничка на договорот за основање на Енергетската заедница ги има преземено обврските за усогласување на националното енергетско законодавство со законодавството на Европската унија. Четвртиот енергетски пакет на ЕУ директивите кој е транспониран во Законот за енергетика најмногу акцент става на одржливиот развој, енергетската безбедност, развој на обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност и справување со енергетската сиромаштија.

Обновливите извори на енергија, а особено фотонапонските електроцентрали, во последниве неколку години се застапени во се поголем обем во целата држава, вклучително и во општина Куманово. Од причина што истите се варијабилни извори на енергија, а нивниот удел во вкупното производство е се поголем, предизвик е истите да се балансираат со потрошувачката. Ова особено претставува потешкотија за мрежните оператори за пренос и дистрибуција на електрична енергија, чија основна задача е да го одржуваат системот во баланс. Со цел да се надмине овој проблем законот дава можност за инсталирање на батериски системи за складирање на електричната енергија кои можат да се поставуваат самостојно, но и во состав на самите електроцентрали.

Согласно горенаведеното, лесно може да се заклучи дека најзначајна тема во нарената година, како во Македонија така и во општина Куманово, ќе бидат батериските системи за складирање на електрична енергија. Секако, и понатаму ќе продолжат да бидат актуелни електроцентрали (најмногу фотонапонски) особено оние поставени на објекти и наменети за сопствена потрошувачка.

Така, општинскиот енергетски план за општина Куманово за 2027 година во најголема мера содржи проекти токму од горенаведените области: обновливи извори, складишта на електрична енергија и енергетска ефикасност. Во рамки на овие главни теми се опфатени подобласти кои вклучуваат инсталирање батерии во постоечки електроцентрали, реконструкција на фасади за подобрување на енергетска ефикасност, гасификација на објекти, инсталирање на полначи за електромобили и слично.

**Информации за единицата на локална самоуправа, опис и цели на ОЕП**

Пред да се направи план и да се дадат препораки, неопходно е најпрвин да се направи преглед и ретроспектива на се што е направено во изминатите години во областа на енергетиката во општина Куманово. Пред да започнеме со детална анализа по сектори, без претерување може да се каже дека во изминатиот период, а особено во изминатата деценија е направено многу во енергетскиот локален развој.

Како илустрација, а во прилог на предходната констатација, само да забележиме дека е изградена 22 km нова мержа за дистрибуција на природен гас, гасифицирани се вкупно 250 домаќинства и 31 правен субјект, изградени се нови 164 електроцентрали за производство

на електрична енергија од обновливи извори со вкупна моќност од 77,636 MW, намалени се загубите на електрична енергија поради кражби од 49 MWh на 39 MWh, комплетно заменети LED светилки во јавното осветлување, реконструирани се фасади на многу јавни објекти со што е подобрена нивната енергетска ефикасност. Ваков обем на активности од областа на енергетиката во општина Куманово само во последната деценија не е забележан во предходните неколку децении.

Со цел да ги поткрепиме овие тврдења, најдобор е да се направи анализа на постојна состојба по сектори.

Општина Куманово е најголема општина во Република Северна Македонија и припаѓа на Североисточен регион. На наредната слика е дадена мапа на општина Куманово:




Подолу се дадени главни општи податоци за општината:

Основни демографски податоци:

- Име: Општина Куманово
- Регион: Североисточен регион
- Површина 509,48 km²
- Број на жители: 98.104 жители (според последен попис од 2021)
- Демографска структура: Општината е мултиетничка (Македонци, Албанци, Срби, Роми и други групи според пописот)
- Број на населени места: 49 населени места, еден град и 48 села

Домаќинства и станови:

- Број на домаќинства: 27.984 домаќинства
- Број на станови/живеалишта: 33.468 живеалишта/станови
- Станбени згради: 256 станбени згради за колективно домување
- Просечен број членови по домаќинство: 3,76 лица

Енергетски податоци:

- Просечната потрошувачка на енергија во општина Куманово на годишно ниво е: 10.587.529 kWh/годишно

Јавни претпријатија:

- ЈП „Водовод“ Куманово

- ЈП „Чистота и зеленило“
- ЈП „Пазаришта“
- ЈП „Куманово-паркинг“
- ЈП „Куманово-план“
- ЈП „Куманово-гас“

Јавни установи:

- ЈОУ – Библиотека „ Тане Георгиевски “
- ЈОУ – Детска градинска „ Ангел Шајче“
- Дом за стари лица „Зафир Сајто“
- ЈУО Ученички дом ,,Проф. Мијалковиќ,,- Куманово
- СРЦ „Градски базен-Куманово“

Училишта:

- Основни училишта: 17 основни училишта
- Средни училишта: 5 средни училишта

Буџет за 2025 година: 2.991.022.424 денари (48 милиони евра), од кои:

- Основен буџет: околу 1.402.411.427 денари;
- Приходи од самофинансирање: 76.735.984 денари;
- Дотации од централната власт: 1.483.468.354 денари;
- Донации: 28.406.659 денари.

Во следната табела се прикажани вкупните буџетски средства на општина Куманово за годините 2022, 2023 и 2024 (основен и ребалансиран).

| | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 2.129.010.516 | 2.306.979.125 | 2.613.396.822 |
| Ребалансиран буџет | 2.242.809.872 | 2.413.381.291 | 2.645.310.114 |

Презентирањето на буџетот и трошоците за енергија за периодот 2022-2024 година дава јасна слика за финансиската распределба и приоритетите на Општина Куманово. Податоците покажуваат колкав дел од буџетот се издвојува за енергетски трошоци.

| **Година** | **Основен буџет на општината (МКД)** | **Просечни трошоци за енергија (МКД)** | **Трошоци за енергија како % од буџетот на општината** |
|---|---|---|---|
| 2022 | 2.129.010.516,00 | 94.130.653,00 | 4.42% |
| 2023 | 2.306.979.125,00 | | 4.11% |
| 2024 | 2.613.396.822,00 | | 3.60 |

Од овој преглед може да се констатира дека општина Куманово, освен што е најголема општина во Република Северна Македонија по број на жители, таа е голема и по површина, но исто така и годишниот буџет е прилично висок и истиот нуди можности за развој, како на инфраструктурата, така и на енергетиката.

## Правна рамка која вклучува национална регулатива и локални стратешки документи

Овој План е изготвен врз основа на Законот за енергетика (Сл. весник бр. 101/25 и 135/25) и Правилник за форма, содржина и методологија за изработка на општински енергетски план (Сл весник бр. 54/26). Освен законската обврска дадена во споменатите прописи, во неговото изготвување се земени во предвид и Интегрираниот националниот план за енергија и клима за период 2025 – 2030, како и Стратегијата за равој на енергетика на Република Северна Македонија до 2040 година, како основни стратешки документи од национално значење во кои е содржана главната рамка за енергетскиот развој на национално ниво.

Секако, освен националните стратешки документи, земена е во предвид Програмата за енергетска ефикасност на општина Куманово за период 2025 – 2027 година која во повеќе детали ја разработува локалната компонента на општинско ниво.

Конечно, покрај националните и општинските плански документи, земени се во предвид развојните планови за дистрибуција на електрична енергија за период 2026 – 2030 и природен гас за период 2025 – 2029 година на друштвата кои вршат дистрибуција на електрична енергија и природен гас на територијата на општина Куманово.

### А. Закон за енергетика

Законскиот основ за изготвување на овој Општински енергетски план е даден во членот 16 од Законот за енергетика (Сл. весник бр. 101/25 и 135/25) во кој е уредено дека единиците на локална самоуправа согласно методологија за изработка на општински енергетски план, на годишно ниво изработуваат општински енергетски план за наредната година, на кој согласност дава Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.
Во ставот (2) од членот 16 од Законот за енергетика е уредено што особено треба да содржи Општинскиот енергетски план:
*„(2) Општинскиот енергетски план особено содржи:*

1. *преглед на преземени мерки во претходната година и резултати од имплементација на мерките;*
2. *поставување на годишни цели од аспект на подобрување на енергетска ефикасност и користење на енергија на ниво на единицата на локалната самоуправа;*
3. *утврдување од страна на Министерството во соработка со операторот на електродистрибутивниот систем на најпогодни региони и локации за инвестиции во фотонапонски електроцентрали со инсталирана моќност помала 1 MW;*
4. *утврдување на потреби од инфраструктура за дистрибуција на гас и греење;*
5. *инвестиции и мерки за намалување на потрошувачката на енергија;*
6. *инвестиции и мерки за намалување на енергетската сиромаштија.“*

Спорд Законот за енергетика сите енергетски објекти (електроцентрали, складишта и т.н.) кои се планирани да се градат мора да бидат опфатени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти. Дополнително, за енергетски објекти над 1 MW, освен што треба да се опфатени во Годишниот план, неопходно е да добијат овластување за изградба. Овластување за изградба на електроенергетски објекти издава Министерството по комплетирана постапката за издавање на одобрение за градење согласно закон, кое одобрение станува правосилно со издавањето на овластување за изградба на електроенергетски објекти.
За енергетските објекти со инсталирана моќност под 1 MW не е потребно овластување, но истите мора да бидат влкучени во општински енергетски план. Согласно членот 88, став (4):
*„ (4) Вкупниот инсталиран капацитет на енергетски објекти кој може да се инсталира во единица на локалната самоуправа и локациите на кои може да се градат енергетски објекти од ставот (2) на овој член е дефиниран во Годишниот план за изградба на енергетски објекти согласно општинскиот енергетски план.“*
Од наведеното произлегува дека за да се изгради било каков енергетски објект под 1 MW, што во пракса се најбројни, истиот мора да биде опфатен во општинскиот енергетски план.
Конечно, законот дозволува дополнување на општинскиот енергетски план во текот на годината. Ова е уредено во ставот (4) од членот 16 од Заонот за енергетика:
*„(4) По исклучок на ставот (3) на овој член доколку во тековната година се појави поголема заинтересираност за изградба на енергетски објекти за технологии на производство за кои не се постигнати целите од Стратегијата и Интегрираниот национален план за енергија и клима, единицата на локална самоуправа може да подготви предлог за измена на општинскиот енергетски план, во кој се вградени иницијативите доставени најдоцна до 1 ок-томври во тековната година, кој по добиена согласност од Министерството, се изменува и се доставува до Министерството најдоцна до 15 октомври.“*
Оваа одредба дава законска можност за измена на општинскиот енергетски план во текот на годината за која истиот е донесен, што овозможува флексибилност која може само позитивно да се одрази во енергетскиот развој на општина Куманово, како и во сите останати општини во Република Северна Македонија.

### Б. Правилник за форма, содржина и методологија за изработка на општински енергетски план

Со Правилник за форма, содржина и методологија за изработка на општински енергетски план (Сл. весник бр. 54/26), кој е донесен на 13.03.2026 година од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, е пропишана формата, содржината и методологијата за изработка на општински енергетски план. Исто така, во Правилникот се дадени основните начела кои треба да бидат запазени, а пред се одржлив развој, интегрален и меѓусекторски пристап, јавност и вклученост заради обезбедување на транспарентност, како и економска оправданост.
Понатаму, Правилникот уредува дека единиците за локална самоуправа треба да ги следат методологијата која е усогласена со Стратегијата за развој на енергетиката, Интегрираниот национален план за енергија и клима и Годишниот енергетски план за изградба на енергетски објекти.
Конечно во Правилникот, во Прилог 1 е дадена содржината, која се состои од Вовед и правна рамка, анализа на постојна состојба, цели насоки и приоритети, листа на прифатливи иницијативи, мерки и активности, интегрирано планирање на општински енергетски капацитети и инфраструктура, транспарентност и вклученост на јавноста и резиме.

### Ц. Интегриран национален план за енергија и клима за периодот 2025 Ђ 2030

Националниот план за енергија и клима е донесен во април 2026 година и истиот ги дава основните принципи на кои се темели нацоналниот план за енерија и клима, втемелен на вредностите на одржлив равој, зајакнување на енергетската безбедност, унапредување на внатрешниот пазар на енергија, подобрување на енергетската ефикасност, посветеност кон декарбонизација и климатски цели, како и поттикнување на истражување, иновации и конкурентност.

Имено, Република Северна Македонија е договорна страна на Договорот за Енергетска заедница и затоа е должна да го усогласи своето законодавство за енергија и клима со соодветната правна рамка на ЕУ во овие области. Државата, исто така, има преземено обврски кон Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (UNFCCC).

Националниот план за енергија и клима (НПЕК) за периодот 2021-2030 година е изготвен во 2020 година, согласно Препораката на Министерскиот совет на Енергетската заедница (2018/1/MC-EnC) и релевантните упатства за политиките од Секретаријатот на Енергетската заедница (PG 03/2018).

Секретаријатот на Енергетската заедница предходно ги имаше дадено своите коментари и препораки како одговор на поднесениот документ. Овие препораки, заедно со состојбите кои се променија во меѓувреме (постепено укинување на јагленот, промени во законодавството на Енергетската заедница и растечката важност на енергетската безбедност) ги претставуваат клучните двигатели за тековното ажурирање на Националниот план за енергија и клима (НПЕК).

Како што беше споменато на почетокот, општинскиот енергетски план треба да ги следи принципите дадени во Националниот план за енергија и клима, а особено енергетската сигурност, декарбонизацијата со поттикнување на обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност.

### Д. Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година

Ова е можеби најважен стратешки документ за развој на енергетиката во државава. Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година ги дава можните правци на развојот на енергетиката во Северна Македонија земајќи ги предвид движењата на енергетските политики во светски и европски рамки и особено во рамките на Енергетската заедница. Енергетските трендови ја нагласуваат поамбициозната транзиција кон нискојаглеродна економија, при што, обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност се меѓу најважните фактори што ја овозможуваат транзицијата. Стратегијата ги следи добрите практики на политиките на ЕУ за обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност, како и декарбонизацијата, земајќи ги предвид целите и траекториите со реална динамика што се приспособени на домашните специфики и приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Општинскиот енергетски план треба да ги следи насоките дадени во Стратегијата за развој на енергетиката, особено во делот на обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност и сигурноста на снабдување.

### Е. Програма за енергетска ефикасност на општина Куманово за период 2025 Ђ 2027 година

Програмата за енергетска ефикасност на општина Куманово 2025 - 2027 е еден од најзначајните документи кои го третираат локалниот развој на општината во поглед на енергетска ефикасност. Програмата за енергетска ефикасност на Општина Куманово ја дефинира стратегијата за развој на енергетска ефикасност на локално ниво и мерките што ќе се спроведуваат како приоритет во тригодишниот период 2025 - 2027 согласно одредбите од Законот за енергетска ефикасност и Правилникот со кој се пропишува содржината и формата на програмите за енергетска ефикасност кои ги донесуваат единиците за локалната самоуправа.

Во оваа програма се дадени значајни показатели за потребата од енергија во општината, просечната потрошувачка по сектори (вода, јавно осветлување, општински објекти и транспорт). Практично Програмата се темели на истите начела дадени во Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националниот план за енергија и клима, како и Стратегијата за развој на енергетиката. Општинскиот енеретски план продолжува во иста насока и претставува уште едно унапредување на енергетскиот аспект на општинскиот локален развој.

### Ф. Останати плански документи

Освен националните планови, стратегии и програми, при изготвувањето на овој План се земени во превид и Планот за развој на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2026 – 2030, Планот за развој на дистрибутивен систем на природен гас и инвестиционен план за период од пет години 2025 – 2029 година на ЈП Куманово-Гас Куманово, Планот за изградба на енергетски објекти за 2025 и Планот за изградба на енергетски објекти за 2026 година донесен од Владата на Република Северна Македонија по предлог на Министерството за енергетика, рударство и минирални суровини.

## Анализа на постојна состојба

Пред да се направи план и да се дадат препораки и прифатливи иницијативи за изградба на енергетски објекти, неопходно е најпрвин да се направи преглед и ретроспектива на се што е направено во изминатите години во областа на енергетиката во општина Куманово. Пред да започнеме со детална анализа по сектори, без претерување може да се каже дека во изминатиот период, а особено во изминатата деценија е направено многу во енергетскиот локален развој.

Како илустрација, а во прилог на предходната констатација, само да забележиме дека е изградена 22 km нова мержа за дистрибуција на природен гас, гасифицирани се вкупно 250 домаќинства и 31 правен субјект, изградени се нови 164 електроцентрали за производство на електрична енергија од обновливи извори со вкупна моќност од 77,636 MW, намалени се загубите на електрична енергија поради кражби од 49 MWh на 39 MWh, комплетно заменети LED светилки во јавното осветлување, реконструирани се фасади на многу јавни објекти со што е подобрена нивната енергеткса ефикасност. Ваков обем на активности од областа на енергетиката во општина Куманово само во последната деценија не е забележан во предходните неколку децении.

Со цел да ги поткрепиме овие тврдења, најдобор е да се направи анализа на постојна состојба по сектори.

## Општински енергетски профил со детален преглед на производство и потрошувачка на енергија по категории и сектори (јавни згради, транспорт и локална индустрија), состојба на енергетска ефикасност на единицата на локална самоуправа и анализа на изворите на енергија

Во овој дел од Планот е направен детален преглед на производство и потрошувачка на енергија по категории (електрична енергија, обновливи извори, природен гас и т.н.) и сектори (јавни згради, транспорт, локална индустрија). Понатаму е презентирана состојбата со енергетска ефикасност на единицата на локална самоуправа и анализа на изворите на енергија. Во текстот подоле во одделни подпоглавја подетално се прикажани сите аспекти.

### Г. Електрична енергија

Што се однесува до електричната енергија, податоците за Куманово се дадени во Планот за развој на електродистрибутивен систем за период 2026 – 2030, кој е објавен на интерент страната на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. Дополнително, Општина Куманово се обрати со електронски допис до Електродистрибуција, со кој побара и доби податоци потребни за изработк а на овој План. Овдека мора да се напомене дека податоците се дадени за подрачјето на КЕЦ Куманово, кој освен општина Куманово ги опфаќа општините Липково и Старо Нагоричане. Меѓутоа, имајќи во предвид дека тие се општини со седиште во село и се генерално помалку развиени, со помал број на жители и помала потрошувачка на електрична енегија, би можело да се апроксимира дека податоците со мала корекција се однесуваат на општина Куманово.

Како што е наведено во Планот за развој на електродистрибутивниот систем 2026 – 2030, а исто така според доставените податоци од Електродистрибуција, КЕЦ Куманово ги покрива општините: Куманово, Липково, Старо Нагоричане. Се работи за релативно голема површина која се напојува преку ТС 110/20/10 kV и ТС 20/10 kV. Во градската средина, мрежата е главно кабелска подземна, додека останатите изводи се претежно надземни.

КЕЦ Куманово со електрична енергија напојува 3 општини: Куманово, Липково, Старо Нагоричане:

- со вкупна површина од 1.191 km2
- жители 137.380
- број на броила 54.817

Ако земеме во предид дека општина Куманово има 98.104 жители, а под КЕЦ Куманово се 137.380 жители, можеме да апроксимираме дека општина Куманово учествува со околу 70% со број на жители во целиот КЕЦ. Оттика од вкупниот број на потрошувачи (број на броила) 54.898, на општина Куманово припаѓаат околу 39.300 потрошувачи. Ако се земе во предвид дека во Куманово има 33.468 живеалишта/станови, ова би значело дека од вкупно 39.300 потрошувачи, 33.468 се домаќинства. Останатите 9.168 се деловни потрошувачи, канцеларии, мали бизниси, индустриски објекти, како и јавни објекти.

Должина на мрежа и број на трансформаторски станици:

| | |
|---|---|
| СН подземен кабел (метри) | 185.671 |
| СН надземна мрежа (метри) | 543.441 |
| НН кабел (метри) | 75.615 |
| НН надземна мрежа (метри) | 971.553 |
| Број на трансформаторски станици | 743 |

Што се однесува до број на потрошувачи во КЕЦ Куманово, од страна на Електродистрибуција беа досавени податоци по категорија на приклучок (MV1, MV2 и т.н.), одделно за домаќинства и мали потрошошувачи.

Во следнава табела се прикажани потрошувачи снабдувани од Универзален снабдувач:

| **Категорија на приклучок** | **Број** |
|---|---|
| Вкупно мерни места | 53.051 |
| Мали потрошувачи MV1 | 0 |
| Мали потрошувачи MV2 | 4 |
| Мали потрошувачи LV1.2 | 53 |
| Мали потрошувачи LV1.1 | 0 |
| Мали потрошувачи LV2 | 3.246 |
| Домаќинства MV2 | 0 |
| Домаќинства LV1.2 | 5 |
| Домаќинства LV2 | 49.743 |

Во следнава табела се прикажани потрошувачи снабдувани од снабдувачи на отворен пазар:

| **Категорија на приклучок** | **Број** |
|---|---|
| Вкупно мерни места | 1.766 |
| MV1 директно приклучени 110kV/(35,20,10,6)kV | 6 |
| MV2 приклучени на среден напон | 83 |
| LV1.2 директно приклучени (35,20,10,6)kV/0,4kV | 128 |
| LV1.1 | 295 |
| LV2 приклучени на низок напон | 1.254 |

Куманово се напојува преку ТС 110/20/10 kV Куманово 1 и ТС 110/20/10 kV Куманово 2, на начин кој е прикажан на следната шема:




Во следнава табела се прикажани напојни трансформаторски станици со инсталирана моќност (евакуациски капацитет):

| **Напојна трансформаторкса станица** | **Инсталирана моќност примар на ЕТР 1 (kVA)** | **Инсталирана моќност примар на ЕТР 2 (kVA)** | **Вкупна инсталирана моќност примар (kVA)** |
|---|---|---|---|
| ТС 110/20/10 kV КУМАНОВО 1 | 50.000 | 50.000 | 100.000 |
| ТС 110/20/10 kV КУМАНОВО 2 | 19.200 | 40.000 | 59.200 |

Освен податоци за инсталираната моќност на напојните трнсформаторски станици, од Електродистрибуција беа доставени податоци за максимална превземена моќност од преносна мрежа и максимална предадена моќност кон преносна мрежа од напојните трансформаторски станици. Податоците се прикажани во следнава табаела:

| **Напојна трансформаторкса станица** | **Максимална превземена моќност од преносна мрежа (MW)** | **Максимална предадена моќност кон преносна мрежа (MW)** |
|---|---|---|
| ТС 110/20/10 kV Куманово 1 | 53,2 | 22 |
| ТС 110/20/10 kV Куманово 2 | 29,1 | 3,2 |

Конечно, од Електродистрибуција беа доставени податоци за приклучени обновливи извори на напојните ТС:

| **Напојна трансформаторкса станица** | **Моќност на приклучени обновливи извори (MW)** | **Моќност на обновливи извори со издадени согласности (MW)** | **Вкупна моќност на приклучени и издадени согласности (MW)** |
|---|---|---|---|
| ТС 110/20/10 kV Куманово 1 | 59,6 | 16,3 | 75,9 |
| ТС 110/20/10 kV Куманово 2 | 19 | 2,6 | 21,6 |
| ТС 20/10 kV Војник | 1,2 | 0 | 1,2 |

Кога сме кај инсталираната моќност во напојните трансформаториски станици, важно е да се потенцира дека во текот на 2015 и 2016 година беше направена комплетана реконструкција на Куманово 1, при што двата стари трнасфоратора од 30 MVA беа заменети со два нови енеретски ефикасно трансфорамтора од 50 MVA. Со оваа реконструкција, освен што беше зголемен капацитетот на трансформаторската станица, беше подобрена нејзината енергетска ефикасност, како и безбедноста и сигурноста во испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем до корисниците во општина Куманово.
Што се однесува до потрошувачката на електрична енергија, но и целот енергетски биланс: влезна енергија, испорачана енергија и загуби; податоците за предходните пет години се дадени во следнава табела:

| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Испорачана (kWh) | 280.026.118 | 295.445.274 | 269.767.414 | 266.210.661 | 279.400.155 |
| Излез ДСО ТСО (kWh) | 0 | 0 | 100 | 80 | 386.667 |
| Загуби (kWh) | 49.114.125 | 47.796.320 | 46.246.816 | 44.637.028 | 39.578.660 |
| Влезна енергија (kWh) | 329.140.244 | 343.241.594 | 316.014.331 | 310.847.770 | 319.365.482 |

Од табелата со билансот може да се констатира дека просечна годишна потрошувачка во последните пет години во КЕЦ Куманово е околу 278.000.000 kWh, односно 278.000 MWh. Тука би можеле да направиме инаква апроксимација за општина Куманово. Иако околу 70% од жителите од територијата на КЕЦ-от се жители на општина Куманово, инаков би бил уделот во потрошувачката.Причина е што во селските средини се троши далеку помалку електрична енергија, пред се за греење во домаќинства, а исто така во индустрија и јавен сектор. Слободно можеме да апроксимираме дека општина Куманово учествува со 80% во вкупната потрошувачка, што би значело 222.400 MWh.
Интересено е да се костатира и намалувањето на загубите, особено оној дел на кражбите. Од 2020 до 2024 година загубите се намалени од 49.114 на 39.579 kWh, што е намалување за дури 20%. Намалувањето на загубите освен што влијае позитивно во подобрувањето на енергетската ефикасност на дистрибутивната мрежа во Куманово, истото влијае на подобрување на енергетската ефикасност кај потрошувачите. Имено, загубите се од техничка природа на самата мрежа, но и кражби на енергија. Најголемо намалување има токму на кражбите. Во пракса потрошувачи кои крадат електрична енергија, воопшто не ја трошат разумно. Кога ќе се спречат кражби и кога потрошувачот ќе ја плаќа целата потрошена енергија, инаку ја третира потрошувачката и многу повеќе води сметка за заштеда.
Исто така интересно е што во последните две години за прв пат се јавуваат количини на излезна енергија од дистрибутивниот (ДСО) во преносниот систем (ТСО) на територија на општина Куманово. Ова е резултат на поголемо производство отколку потрошувачка во одредени временски интервали. Во Куманово заклучно до 31.12.2025 година се приклучени 164 електроцентрали од обновливи извори, со вкупно инсталирана моќност од 77,6 MW.
Ова е показател дека во општина Куманово има толку големо производство на електрична енергија, кое во дадени временски интервали не може да се потроши од страна на сите потрошувачи заедно, па е неопходно да се врати преку преносниот систем во други општини. Уште поинтересен показател е што ова воопшто не се случувало пред 2022 година, а од 2023 до 2024 е зголемено за 400%! Овој факт покажува дека во Куманово предходните неколку години има голема експанзија на производство од обновливи извори, претежно фотоволтаици.
Што се однесува во делот на заштите на ранливите потрошувачи, Владата по предлог на Министерстото за енергетика, секоја година донесува Годишна програма за заштита на ранливи потрошувачи со која се пропишуваат мерки за приматели на социјална помош и граѓани со ниски примања. Исто така, во Правилата за снабдување со електрична енергија е уредено дека ранливи потрошувачи не можат да се исклучуваат во зимските месеци (декември, јануари и февруари), односно во грејна сезона.
Од сите погоре наведени податоци може да се констатира дека општина Куманово предходните години, во делот на електрична енергија оди во нагорна линија и по основ на развој на електродистрибутивна мрежа и по подобрување на енергетската сигурност со изградба на нови електроцентрали за производство на електрична енергија. Исто така во нагорна линија е унапредување на енергетска ефикасност, но и унапредувањето на заштитата на потрошувачи (особено на ранливите потрошувачи) што е во согласност со националните планови и стратегии.

## X. Обновливи извори на енергија

Како надоврзување на предходната тема, добро е да се даде посебен преглед на развојот на обноливите извори на енергија во општина Куманово. Имено, со равојот на технологиите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотоволтаичните панели и инвертори), како и со намалување на нивната пазарна цена, се повеќе приватни инвеститори беа мотивирани да инвстираат во изградба на фотонапонски електроцентрали. Овој тренд прогресираше во 2021 и 2022 година, кога беше енергетската криза и кога цените на електричната енергија се зголемија неколкукратно. Во тој период започнаа да се градат и електрани наменети само за производство и продажба на енергија, но и електрани на кров на објекти за сопствена потрошувачка.
Да не ги заборавиме и концесиите за изгрдба на хидроцентрали кои беа објавени од страна на Министество за економија, на кои се јавија многу инвеститори и на многу локации во Македонија беа изградени хидроцентрали. Во Куманово беа изградени 2 со вкупно инсталирана моќност од 2,72 MW.
Во Куманово заклучно со 31.12.2025 година се приклучени 164 електроцентрали од обновливи извори, со вкупно инсталирана моќност од 77,6 MW.

Во табелата подоле се прикажани електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија:

| | Инсталирана моќност (kW) | Број на електроцентрали |
|---|---|---|
| **Вкупно фотоволтаични централи приклучени Куманово 1** | 59.577 | 118 |
| **Вкупно фотоволтаични централи приклучени Куманово 2** | 18.059 | 46 |
| **Вкупно хидроцентрали приклучени Куманово 2** | 2.720 | 2 |
| **Вкупно електроцентрали од обновливи извоти во Куамново** | 77.636 | 164 |

## И. Природен гас

Општина Куманово е една од малкуте општини во Македонија што имаат развиено дистрибутивна мрежа за природен гас. Претпријатието што ја врши оваа енергетска дејност е Јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти "Куманово-Гас" Куманово и истото е основано на 13.10.2005 година од страна на Совет на Општина Куманово. Во периодот од 2006 до средина на 2024 во Куманово Гас, основачот инвестирал вкупно 130.119.201,00 денари (паричен влог). Капиталот на ЈП "Куманово-Гас" Куманово е 100% во сопственост на Општина Куманово.
Податоци за дистрибуција на приоден гас

- Должина на дистрибутивната мрежа во Куманово: 22 km
- Приклучени домаќинства: 250 домаќинства
- Приклучени деловни објекти: 31 правен субјект
- Годишна испорака на природен гас во 2026 година: 6.036.442 kWh

Од податоците за постојната состојба со дистрибуција и снабдување со природен гас може да се заклучи дека Куманово, заедно со Струмица, се водечки општини во развој на енергетска инфраструктура за гас. Уште повеќе развојот на дистрибутивна мрежа на природен гас е започнат дури пред 20 години со основање на општинскиот претпријатие Куманово-Гас.
Исто така може да се констатира дека во моментот мрежата има голем потенцијал за приклучување на нови потрошувачи, како приватни, така и деловни и јавни објекти.
Општина Куманово е во тек на имплеметација на Втора фаза од Проектот: „ЕУ за чист воздух" кој е дел од инструментот за претпристапна – ИПА 2021. Проектот е финансиран од Делегацијата на ЕУ а потписник на програмата е Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (UNOPS).
Општина Куманово согласно потпишаниот меморанду за соработка со UNOPS, и оваа година ќе добие значителна поддршка за подобрување на животната средина, вклучувајќи замена на системите за греење на јавните згради кон извори на: чиста енергија, зголемување на зелените површини во градот и подобрен мониторинг на квалитетот на воздухот.
Преку проектот е подготвена целосна проектна документација, набавка и инсталација на парни котли за седум објекта од општината. Проектот се реализира во меѓусекторска соработка со Сектор за урбанизам и ЈП Куманово Гас.
Во 2025 година, гасифицирани се седум објекти во централното градско подрачје и тоа:

- ООУ. „Толи Зордумис";
- ООУ „Браќа Миладиновци"/ООУ „Крсте Мисирков";
- Музичко училиште „Панче Пешев",
- Меѓуопштински центар за социјални работи Куманово;
- Центар за вработување Куманово;
- Сектор за внатрешни работи Куманово и
- Основен суд Куманово.

## Ј. Јавно осветлување

И покрај важноста во обезбедувањето на јавната безбедност и урбаната естетика, јавното осветлување во Куманово работи во надлежност на приватен партнер, одговорен за неговото одржување и потрошувачка на електрична енергија. Бидејќи општината нема директна контрола врз овој сектор, тој спаѓа надвор од опсегот на овој општински енергетски план.
Јавното осветлување на долг рок е дадено под концесија на приватна компанија. Општината не добива сметки за електрична енергија, нема задолженија за реконструкција на светилките.
Иако општината нема задолженија во овој сектор, сепак јавното осветлување е целосно модернизирано и сите светилки се заменети со ЛЕД. Следната табела дава приказ на кaактеристиките на јавното осветлување, како и потрошувачката на енергија во 2023 година. Поради тоа што осветлувањето е заменето во 2023 година, истата е земена како рефернетна при изработка на општинскиот енергетски план.

| Ред. Бр. | Тип на потрошувачка | Број на потрошувачи | Вкупна инсталирана моќност (kW) | Број на работни часови дневно | Број на работни часови годишно | Годишна потрошувачка на енергија (kWh/god) | Трошоци за енергија (МКД) | Трошоци за одржување (МКД) | Вкупно трошоци (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЛЕД 20 | 8132 | 162.64 | 11.65 | 4252.25 | 691585.9 | 5173063 | 2631677 | **10995771** |
| 2 | ЛЕД 33 | 345 | 11.385 | | | 73351.31 | 548668 | | |
| 3 | ЛЕД 50 | 872 | 43.6 | | | 185398.1 | 1386778 | | |
| 4 | ЛЕД 90 | 7 | 0.63 | | | 2678.9 | 20038 | | |
| 5 | ЛЕД 120 | 35 | 4.2 | | | 17859.45 | 133589 | 493654 | |
| 6 | ЛЕД 150 | 17 | 2.55 | | | 10843.2 | 81107 | | |
| 7 | Рефлектори | 221 | 16.57 | | | 70481 | 527198 | | |
| **ВКУПНО** | | **9629** | **241.575** | | | **1052198** | **7870440** | 3125331 | |

## К. Транспорт

Транспортниот сектор ги опфаќа и јавните и приватните транспортни системи во општината. И покрај тоа што јавниот превоз е приватно управуван и субвенциониран од општината, тој спаѓа надвор од опсегот на програмата поради ограничената контрола на општината врз оперативните одлуки. Сопствениот возен парк на општината, иако е мал по големина и удел, вклучен е во програмата. Сепак, програмата ја признава важноста на транспортот во севкупните напори за енергетска ефикасност и ги охрабрува иницијативите за соработка со релевантните чинители за промовирање решенија за одржлива мобилност на долг рок.

Секторот транспорт го опфаќа возниот парк на Општина Куманово, заедно со возниот парк на јавните претпијатија. Годишна потрошувачка на енергија во секторот транспорт – транспорт за сопствени потреби на општината се дадени во следнава табела.

| **Тип на гориво** | **Единица** | **Количина** | **Фактор на конверзија во kWh** | **Вкупна годишна потрошувачка на енергија** | **Вкупни трошоци за енергија** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **kWh/год** | **МКД/год** |
| | | **(a)** | **(b)** | **(c) = (a) * (b)** | **(d)** |
| Бензин | (литри) | 15394 | 9,053 | 139.361,9 | 1250916 |
| Дизел | (литри) | 228454 | 10,012 | 2.287.281,4 | 17427423 |
| **ВКУПНО** | | | | 2.426.643,3 | 18.678.339,0 |

Што се однесува до поттикнување на користење на електрични возила, во општина Куманово постои инфраструктура за полнење на електрични возила. Полначи за електрични возила се поставени на две локации во општина Куманово:

- Станица за полнење на Плоштад Маршал Тито, полнач Тип 2, моќност 22 kW и
- Станица за полнење на Ул.11ти Октомври бр.91 – Макпетрол, Тип CCS, моќност 150kW

Според сегашниот степен на користење на електрични возила во Куманово овие два полнача ги задоволуваат потребите за нивно полнење. Во наредните години кога ќе се зголеми бројот на електромобили во Куманово, општината би требала да планира повеќе станици за полнење на електрични возила.

## Л. Енергетска ефикасност

Проектите од областа на електроцентрали за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија се предвидени да се реализираат од страна на приватни инвеститори.

## Анализа на економска оправданост

Анализата на економската оправданост е клучен елемент на процесот на спроведување на Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово. Анализата на економската оправданост може да опфати различни фази и аспекти од процесот на планот. Тоа обично започнува од самиот почеток и продолжува во текот на имплементацијата. Строго се препорачува мониторингот и евалуацијата да продолжи и после временската рамка на Општинскиот енергетски план, со цел како би можело планот да создаде долгорочни влијанија врз локалната економија, енергетскиот сектор, животната средина и подобрување на квалитетот на живот на жителите на Куманово.

Важно е да се напомене дека Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово е усогласен со нормативите кои се содржат во националната мрежна алатка за мерење и потврда.

Со цел да се следат резултатите од спроведените мерки и активности , потребно е да се вршат мерења во различни временски периоди и да се врши споредба на резултатите со пресметаните. Главни показатели кои се мерат, следат и споредуваат се следните:

- Потрошувачка на енергија и енергенси (топлинска, електрична и гас),
- Производство на електрична енергија од обновливи извори,
- Изградба на енергетска инфраструктура за електрична енергија и природен гас,
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за трошоците за енергија као резултат од мерките за енергетска ефикасност.

Иако не сите од предложените активности во Општинскиот план не се во надлежност на општината и општинските јавни претпријатија, сепак нивната реализација треба да биде следена од страна на општината. На пример, изградбата на дистрибутивната мрежа за природен гас е во надлежност на општинското јавно претпријатие Куманово-Гас, а изградбата на електродистрибутивната мрежа е во надлежност на Електродистрибуција КЕЦ Куманово. Сепак, бидејќи развојот и на двете дистрибутивни мрежи е влезен во овој план, истито ќе треба да се следи од страна на општината. Истото важи за електроцентралите од обновливи извори – тие се во сопственост на приватни инвеститори, но бидејќи се вклучени во овој план ќе треба да се следат од општината.

Мерењата треба да се извршуваат со утврдена динамика во текот на целата година. За мерење на потрошената електрична енергија треба да се користат податоци од броилата кои се прикажани во сметките за електрична енергија за секој правен субјект во секој од објектите, со што ќе се следи потрошената електрична енергија.

Што се однесува до електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија, овие податоци можат да се преземат од билансите на енергија во Плановите за развој на Електродистрибуција, Извештаите на Регулаторна комисија за енергетика и Државниот завод за статистика.

Заштеда на финансиските средства како резултат на спроведени мерки за енергетска ефикасност може да се пресмета брз основ на потрошувачката на енергија и енергенс пред и после спроведувањео на мерките.

Откако ќе се имплементираат предвидените активности во Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово, добиените резултати треба да се споредат со резултатите пред реализацијата и на тој начин да се утврди дали е постигната предвидената цел. Доколку не е постигната целта тогаш се испитува причината зошто не е постигната и се утврдуваат недостатоците во системот доколку такви постојат и истите треба да се отстранат. Во случај резултатите да се како претпоставените или подобри, тогаш се донесува заклучок дека целта е постигната.

Одговорноста за изготвувањето и спроведувањето на Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово е на Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина. Овој Сектор игра клучна улога во координирањето на иницијативите за енергетскиот развој, обезбедувањето усогласеност со националните и локалните регулативи и интегрирањето на принципите за одржливост во општинските проекти.

Како клучна административна единица која ги надгледува проектите и мерките, Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина е одговорно за проценка на изградба на енергетска инфраструктура, потрошувачка на енергија, развојот на обновливите извори на енергија, проекти за подобрување на енергетска ефикасност, како и други области кои се усогласени со стратешките цели на општината.

Дополнително, секоторот соработува со релевантни засегнати страни, вклучувајќи владини агенции, партнери од приватниот сектор и меѓународни донатори, за да обезбеди финансирање и техничка поддршка за одделни енергетски проекти.

За да се подобри ефективноста на иницијативите за енергетска ефикасност, одделот исто така го следи спроведувањето на предложените мерки, го оценува нивното влијание и ги прилагодува стратегиите по потреба. Овој пристап осигурува дека општината останува прилагодлива на технолошкиот напредок, промените во политиките и новите предизвици за одржливост. Придвижувањето напред, зајакнувањето на институционалните капацитети, подобрувањето на собирањето податоци и поттикнувањето на меѓусекторската соработка ќе бидат од суштинско значење за успешното извршување на новиот Општински енергетски план за 2027 година за општина Куманово.

## Јавно приватно партнерство со општината

Позитивната законска регулатива превидува јавно-приватно партнерство во реализација на мерките со кои се исполнуваат националните и општинските цели пропишани со стратешките документи, а пред се Интегрираниот план за енергија и клима и Стратегијата за развој на енергетиката. Исто така, Програмата за енергетска ефикасност за општина Куманово предвидува исполнување на цели од локално значење во поглед на енергетска ефикасност.

Во овој Општински енергетски план за 2027 година не се предвидени јавни-приватни партнерства. Сепак ако се земе во предвид дека Законот за енергетика предвидува можност за дополнување на Општинскиот план во текот на годината, има можност за склучување на јавни-приватни партнерства за одредени проекти во насока на реализација на целите.

## Очекувани резултати

Со реализација на Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово очекувани резултати се постигнување на целите од стретешките национални и општински докуманти.

Обновливите извори на енергија, а особено фотонапонските електроцентрали, во последниве неколку години се застапени во се поголем обем во целата држава, вклучително и во општина Куманово. Од причина што истите се варијабилни извори на енергија, а нивниот удел во вкупното производство е се поголем, предизвик е истите да се балансираат со потрошувачката. Ова особено претставува потешкотија за мрежните оператори за пренос и дистрибуција на електрична енергија, чија основна задача е да го одржуваат системот во баланс. Со цел да се надмине овој проблем законот дава можност за инсталирање на батериски системи за складирање на електричната енергија кои можат да се поставуваат самостојно, но и во состав на самите електроцентрали.

Согласно горенаведеното, лесно може да се заклучи дека најзначајна тема во нарената година, како во Македонија така и во општина Куманово, ќе бидат батериските системи за складирање на електрична енергија. Секако, и понатаму ќе продолжат да бидат актуелни електроцентрали (најмногу фотонапонски) особено оние поставени на објекти и наменети за сопствена потрошувачка.

Така, општинскиот енергетски план за општина Куманово за 2027 година во најголема мера содржи проекти токму од горенаведените области: обновливи извори, складишта на електрична енергија и енергетска ефикасност. Во рамки на овие главни теми се опфатени подобласти кои вклучуваат инсталирање батерии во постоечки електроцентрали, реконструкција на фасади за подобрување на енергетска ефикасност, гасификација на објекти, инсталирање на полначи за електромобили и слично.

Освен законската обврска дадена во спомենатите прописи (Закон за енергетика и Правилникот), во неговото изготвување се земени во предвид и Интегрираниот националниот план за енергија и клима за период 2025 – 2030, како и Стратегијата за равој на енергетика на Република Северна Македонија до 2040 година, како основни стратешки документи од национално значење во кои е содржана главната рамка за енергетскиот развој на национално ниво.

Секако, освен националните стратешки документи, земена е во предвид Програмата за енергетска ефикасност на општина Куманово за период 2025 – 2027 година која во повеќе детали ја разработува локалната компонента на општинско ниво.

Конечно, покрај националните и општинските плански документи, земени се во предвид развојните планови за дистрибуција на електрична енергија за период 2026 – 2030 и природен гас за период 2025 – 2029 година на друштвата кои вршат дистрибуција на електрична енергија и природен гас на територијата на општина Куманово.

## Интегрирано планирање на општинските енергетски капацитети и инфраструктура

Според наведеното во предходните поглавја, би можело да се каже дека планирањето на општинските енергетски капацитети и енергетската инфраструктура во општина Куманово се прави во координирана соработка помеѓу надлежните сектори во Општината, јавните и комуналните општински претпријатија, централаната власт и конечно приватниот сектор.

За да бидат успешни сите овие енергетски проекти, а со цел да бидат во служба на граѓаните на општина Куманово, нивното планирање и реализација мора да биде интегрално и да ги опфати сите сегменти на развојот на општината. Сите проекти треба да бидат комплементарни и да се надополнуваат едни со други, а исто така да се во насока на остварување на долгорочните цели во енергетскиот развој како на општината, така и на државата.

Можат да се наведат неколку примери кои го поткрепуваат горенаведеното. Да тргнеме со електроенергетската инфраструктура и планираните проекти за изградба на електроцентрали за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Имено, општинските енергетски планови ги следат националните планови и стратегии за енергетика, а во нив најмногу се истакнува токму развојот на обновливи извори на енергија. Како што беше наведено во предходните поглавја, најмногу интерес за изгрдаба на електроцентрали има од приватниот сектор. Основен и главен предуслов за изградба на овие електроцентрали е развој и зголемување на капацитетот на

електродистрибутивната мрежа на територија на општина Куманово од страна на Електродистрибуција, КЕЦ Куманово.

| Напојна трансформаторкса станица | Инсталирана моќност примар на ЕТР 1 (kVA) | Инсталирана моќност примар на ЕТР 2 (kVA) | Вкупна инсталирана моќност примар (kVA) |
|---|---|---|---|
| ТС 110/20/10 kV КУМАНОВО 1 | 50.000 | 50.000 | 100.000 |
| ТС 110/20/10 kV КУМАНОВО 2 | 19.200 | 40.000 | 59.200 |

Освен податоци за инсталираната моќност на напојните трнсформаторски станици, од Електродистрибуција беа доставени податоци за максимална превземена моќност од преносна мрежа и максимална предадена моќност кон преносна мрежа од напојните трансформаторски станици. Податоците се прикажани во следнава табаела:

| Напојна трансформаторкса станица | Максимална превземена моќност од преносна мрежа (MW) | Максимална предадена моќност кон преносна мрежа (MW) |
|---|---|---|
| ТС 110/20/10 kV Куманово 1 | 53,2 | 22 |
| ТС 110/20/10 kV Куманово 2 | 29,1 | 3,2 |

Конечно, од Електродистрибуција беа доставени податоци за приклучени обновливи извори на напојните ТС:

| Напојна трансформаторкса станица | Моќност на приклучени обновливи извори (MW) | Моќност на обновливи извори со издадени согласности (MW) | Вкупна моќност на приклучени и издадени согласности (MW) |
|---|---|---|---|
| ТС 110/20/10 kV Куманово 1 | 59,6 | 16,3 | 75,9 |
| ТС 110/20/10 kV Куманово 2 | 19 | 2,6 | 21,6 |
| ТС 20/10 kV Којник | 1,2 | 0 | 1,2 |

Како што беше прикажано во предходните поглавја, а согласно податоците доставени од Електродистрибуција, во контекст на интегрираното планирање на општинските енергетски капацитети и инфраструктура, во следнава табела се прикажани моќности (MW) на електроцентрали од обновливи извори. Податоците се прикажани и за приклучени, но и за оние за кои се издадени согласности за приклучување.

При изготвување на овој план и вклучувањето на прифатливите иницијативи се земени во предвид овие податоци, односно предложените иницијативи се во согласност со расположивиот капацитет на напојните трансформаторски станици 110/20/10 kV и 20/10 kV.

Исто така, за изготвување на овој Општински план и за вклучување на прифатливите иницијативи во него, а во контекст на интегрирано планирање на општинските енергетски капацитети и инфраструктура, беа земени во предвид податоците за приклучени електроцентрали. Така, во прегледот даден во следнава табела се дадени моќностите на приклучените електроцентрали, но и податок на која дистрибутивна ТС се приклучени и конечно на која напојна ТС припаѓаат. Ова е особено важно при интегрирано планирање на општинските енергетски капацитети и инфраструктура со прифатливите иницијативи.

**Табела: Приклучени производители во КЕЦ Куманово**

| Тип на производител | Име на дистрибутивна трансформаторска станица (СН/НН) | Моќност (kW) | Напојна трансформаторска станица (ВН/СН) |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Куљар | 133,5 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Аполо Солар | 2750 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Солар Енерџи Компани | 1724,8 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Елезов Камен 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Долно Коњаре 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска | Златен Клас | 70 | Куманово 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| електроцентрала_Prosumer | | | |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Агро Куманово 2 | 80 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Арес Солар | 3250 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Нова Гимназија | 5,98 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ајдучка Чешма 4 | 5,58 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Полет | 98,28 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Солар Енерџи НИЗ | 6250 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Искра 3 А | 899 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карингтон | 330 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Седум Плус | 990 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Хуљуси | 120 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Св. Петка | 40 | РП Драгоманце |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Слупчане 1 | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Баново Трло 5 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Квалитет Пром 3 | 2350 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Отља 4 PVPP | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Соларис ЛГ | 740 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бијана | 160 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Квант Енерџи | 1000 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Куманово 2 | 600 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Артемис Солар | 2500 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Индустриска Зона Речица 1 | 220 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ѓорѓо Комерц | 50,25 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Експрес | 40 | Куманово 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Хромак | 990 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Фрагмат | 125 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Амон Ра Солар 3 | 875 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Амон Ра Солар 1 | 999,53 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Еко Енерџи 2022 | 1980 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Фотонапон 1 | 860 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Некст Ера | 650 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Липково 4 | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Секо | 1000 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Рапид Билд 1 | 600 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP EVN Солар 4 | 3750 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP EVN Солар 5 | 6000 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Сири Енерџи | 900 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Липково 4 | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Опае 1 | 39,42 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Гладно Поле 2 | 20 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Термалифт | 150 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Гладно Поле 2 | 60 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Киро Фетак 1 | 380,25 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Палпас Енерџи 1 | 1250 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Палпас Енерџи 2 | 1125 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бузинци | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карингтон | 298,12 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Еме Повер 1 | 972,4 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Старк Електрик | 1205 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Сателит 2000 | 178,2 | Куманово 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Соларис | 600 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Баново Трло 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Баново Трло 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Еснаф | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карап Маала | 33 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карпош 7 | 30 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Нама | 160 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бедиње 2 | 39,77 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Осирис Солар | 875 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бабин Дол 2 | 5,98 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Солар Четири | 989,52 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Есперанто 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ран Производ | 40 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ран Производ | 40 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бел Брег 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | Биг Епл | 1912 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Соларис Груп | 2000 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP СС Сан Енерџи | 990 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Хелиос Солар | 1205 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Мега Солар Енерџи | 960 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Сан Солушнс ВИС | 840,7 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Солар Три | 990 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | UE 7-2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Четирце Војно | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ропалце 1 | 20 | Куманово 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Татаринце | 0,01 | Прешево |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | TS Бајрам Шабани | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Доброшане 2 | 11 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Еме Повер 2 | 920,7 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Соколана Парк | 100 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ран Производ | 50 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ајдучка Чешма 4 | 38,2 | Куманово 1 |
| Хидроелектроцентрала | HPP Брестјанска | 607 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Екстра-Мајн | 83,7 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Касарна Карпош | 40 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Вера Которка 1 | 40 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Багрем Бања | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | UE-7-2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Ват Технолоџис 2 | 990 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP ПИ Енерџи | 1980 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Оризаре 2 | 5 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Макпетрол BS13 | 115 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Траинвест 1 | 2492 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Светлина | 20 | Куманово 2 |
| Хидроелектроцентрала | HPP Сол Хидропауер | 2113 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Табановце 1 | 15 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Романовце 1 | 15 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Клечовце 1 | 15 | Војник |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Отља 2 | 15 | Куманово 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Слупчане 5 | 15 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Матејче 3 | 15 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Старо Нагоричане 1 | 15 | РП Драгоманце |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Јане Сандански | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ајдучка Чешма 2 | 5 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Старо Нагоричане 1 | 20 | РП Драгоманце |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Старо Нагоричане 1 | 10 | РП Драгоманце |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Кри Кри | 20 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Кока PVPP | 20 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | ТУШ | 236 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Квалитет Пром 2 PVPP | 910 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Ват Технолоџис 1 | 940,5 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Соколана Парк | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Димитар Влахов | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Оризаре 2 | 20 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Драгоманце Викендици | 5 | РП Драгоманце |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Баново Трло 4 | 3,4 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | UE-7-1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Лесковачка | 5,995 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Елезов Камен 1 | 39,6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Черкези 4 | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Черкези 4 | 6 | Куманово 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Зелен Рид 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Полет | 40 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Отља 4 PVPP | 11 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Млеко Продукт | 225 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бел Брег 3 | 5,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Зелен Рид 4 | 5,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бабин Дол 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Елезов Камен 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Пирокјанска Мала | 40 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Здружение на возачи 2 | 39,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Профи Нен | 39,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бенз. Ага Ибро | 39,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Екстра-Мајн | 39,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Споменик | 19,8 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | Војник | 1000 | Војник |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Долно Коњаре 2 | 39,36 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Соколана Парк | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карингтон | 86 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Јофа 1 | 4800 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Опае 5 | 40 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Соколана 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Игор 97 | 36 | Куманово 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Никола Вапцаров | 195,4 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Есперанто 1 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карингтон | 101 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Нова Гимназија | 5 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Вера Которка 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Истеф | 230 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Никулски Пат 2 | 6,99 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Слупчански Бунари | 39,99 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Стојан Арсов | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Пчинска 2 | 96 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Карингтон | 110 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ратко Тишлер | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Никола Тесла 2 | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Светлина | 14,85 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Черкези 4 | 6 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Омега Енерџи | 1205 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | НАМА | 30 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Солера | 990,81 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бабин Дол 1 | 40 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Ајдучка Чешма 4 | 37 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Зелен Рид 3 | 5,58 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Грин Сан | 750 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала | PVPP Фотонапон 2 | 990 | Куманово 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | У.Д. Слога | 81 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Визијана | 150 | Војник |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Сокара Кватро | 217,5 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Мак Степ | 50 | Куманово 2 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Бијана | 190 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Есперанто 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Вемитекс | 150 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Етно Село | 40 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Болничка 2 | 6 | Куманово 1 |
| Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Драги Димитриевски | 50 | Куманово 1 |

Така, во овој случај интегрираното планирање е на ниво приватен сектор – Електродистрибуција. Како што видовме во изминатите некоку години веќе се изградени и приклучени 164 електроцентрали за производство на електрична енергија со вкупно инсталирана моќност од 77,636 MW. Дополнително, само во 2026 година, согласно донесените Годишни планови за 2025 и 2026 година, е планирано да се приклучат уште дури 43 електроцентрали со вкупно 41 MW. Сето ова не е можно да се реализира без интегрално планирање, односно доколку не биле реализирани потребните зголемувања на капацитетите во дистрибутивната мрежа, а особено во ТС 110/20/10 KV Куманово 1.

Понатаму, како втор пример можеме да го разгедаме развојот на мрежата за дистрибуција на природен гас и подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Куманово. Имено, загревањето со котли на пририден гас е енергетски и еколошки поефикасно од греење со електрична енергија или греење со цврсти и течни горива (јаглен, дрва, мазут). Основен предуслов за реализацијата на греењето на природен гас на јавните, но и приватните објекти, е нивно приклучување на мрежа и развојот и проширувањето на самата мрежа за природен гас. Значи во овој пример интегрираното планирање е на ниво општински објекти – ЈП Куманво-Гас. Како што беше прикажано предходно, до сега во Куманово се приклучени 281 објекти на мрежа на природен гас, а во 2026 и 2027 година е планирано приклучување уште на 460 објекти. Исто така во 2026 и 2027 е планирана изградба на 6.530 метри нова гасоводна мрежа. Од тука може да заклучиме дека има одлична координација помеѓу Куманово-Гас и заинтересираните потрошувачи на природен гас.

Вакви примери можема да наброиме многу, но главната поента е дека сите планирани проекти за реализација во општина Куманово се интергрално планирани и координирани помеѓу сите надлежни институции на Општина Куманово, јавните претпријатија, приватниот сектор и крајните потрошувачи, односно жителите на општина Куманово.

## Утврдување од страна на Министерството во соработка со операторот на електродистрибутивниот систем на најпогодни региони и локации за инвестиции во фотонапонски електроцентрали со инсталирана моќност помала од 1 МЊ

Согласно постапката пропишана со Законот за енергетика, изготвувањето на Годишниот план за изградба на енергетски објекти над 1 MW и Општински енергетски план за објекти под 1 MW започнува со поднесување на иницијативи од инвеститори. Кога се работи за изградба на електроцентрали, инвеститорите бајчесто бираат локации близу напојни ТС 110/XX kV, од причина што за приклучување треба да се градат пократки среднонапонски изводи. Од друга страна, кога се работи за изградба на складишта за енергија (батериски системи), инвеститорите најчесто ги лоцираат во постоечки фотонапонски централи. Причината е јасна – кога има најголемо производство во попладневните часови, берзанската цена е ниска, па поисплатливо е енергијата да се складира за одложено предвање во систем кога цените поповолни.

Истовремено, од перспектива на дистрибутивен и преносен оператор ова се најповолни локации: електроцентрала – блиску до напојна ТС, батериски систем – лоциран во електроцентрала. Ова се најповолни локации од повеќе причини: поедноставни технички решенија за приклучување; помали проблеми со варијации на напон, особено со

горната граница на дозволено отстапување на напон; помали технички загуби во мрежа поради предизвикани од проток на произведената енергија од производните посртојки.
Сепак, ова се најповолни локации на микро ниво. Ако се гледа од перспектива на целиот електроенергетски систем, тогаш е многу поважна регионалната распределба на електроцентрали и складишта. Токму од оваа причина е изготвено ова законско решение, со кое Министерството во соработка со операторите на преносниот и дистрибутивниот систем ги утврдува најпогодните региони за изградба на енергетски објекти.
Токму од оваа причина, општините ги изготвуваат Општинските енергетски планови врз основа на иницијативи од инвеститори, а понатаму Министерството ги утврдува конечно.

## Утврдување на потреби од инфраструктура за дистрибуција на гас и греење

Согласно развојните планови на ЈП Куманово – Гас утврдена е потреба од развој на соодветна инфраструктура за дистрибуција на гас. Имајќи во предвид дека јавното претпријатие за дистрибуција на гас постои веќе дваесетина години и континуирано го следи развојот на мрежата и приклучувањето на нови корисници, сигурно е дека во развојните планови може со голема прецизност да предвиди потреба од иден развој. Во предходните поглавја подетално беше утврдена потребата од инфраструктура за дистрибуција на гас.

## Анализа на потенцијали и ризици на локалниот енергетски систем

Од локална перспектива, а според доставените иницијативи од инвеститори за изградба на енергетски објекти за 2027 година, би можело да се оцени дека не постојат ризици на локалниот енергетски систем. Оваа проценка произлегува од фактот што сите иницијативи за изградба на енергетски објекти подразбираат складишта (батериски системи) во постоечки приклучени електроцентрали, или нови електроцентрали во кои е предвидено интегрирано складиште.
Имајќи во предивид дека батериските системи во постоечки фотонапонски електроцентрали можат само да го растеретат локалниот енергетски систем, балансирајќи ги оптоварувањата. Со други зборови, кривата на инјектирана моќност во системот нема толку големи осцилации, со што производството ја следи потрошувачката во локалната мрежа, па оттука и локалната мрежа станува подобро избалансирана.
Од друга страна, сите новопредвидени електроцентрали се со интегрирани складишта, па според тоа тие имаат можност за флексибилност во производството и во складирањето. Уште повеќе, складиштата (независно дали се самостојни или дел од електроцентрала) можат во секој момент да повлечат моќност од системот, во временски интервали кога системот има вишок на моќност. Така, спoерд изложеното, констатацијата дека нема потенцијални ризици на локалниот енергетски систем е сосема издржана.

## Транспарентност и вклученост на јавноста

Во ова поглавје е објаснета транспарентноста и вклученоста на на јавноста преку механизмите за промоција и информирање на јавноста преку локални медиуми, веб страници и социјални мрежи. Исто така е земено во обзир учеството на граѓаните и засегнатите страни во креирањето на локалната енергетска политика.

## Вклучување на јавноста преку процес на информаирање и учество на граќаните и засегнатите страни

Транспарентноста при изработка на Општински енергетски план е од исклучителна важност, имајќи во предвид дека сите проекти кои се предвидени за реализација треба да бидат во функција на граѓаните, односно жителите на општина Куманово. Ако се има во предвид дека повеќето проекти се реализираат од општинскиот буџет кој, меѓу другото, се финансира од наплата на комунални такси и други давачки на жителите на Куманово, повеќе од извесно е дека нивното планирање и реализација треба да бидат транспарентни.
Општина Кунаово има воспоставена пракса на Граѓански форуми, на кои граѓаните со гласање сами бираат кои предложени проекти ќе се реализираат.Така, конкретно проектите за подобрување на енергеткста ефикасност на јавните објекти се резултат на одржани два Граѓански форума, на кои граѓаните сами избрале кои објекти ќе бидат опфатени со планот за 2027 година.
Исто така треба да се има во предвид дека сите седници на Советот на Општина Куманово се јавни, па така граѓаните имаат можност да бидат запознаени со се што се предлага, планира, гласа и реализира. Конечно, советниците се изберени од страна на граѓаните и нивна должност е да ги застапуваат интересеите на грашаните.
Конечно, целиот енергетски развој на општината има за цел да го подобри економскиот развој на општината, да овозможи подобри услови за развој на стопанството и конечно да подобри животот на жителите на општина Куманово.

## Механизми за промоција и информирање на јавноста преку локални медиуми, веб страници и социјални мрежи

Промоцијата и информирањето на јавноста се прави преку локални медиуми, веб страници и социјални мрежи кои се активни на територијата на општина Куманово.

## Резиме

Конечно, ова поглавје претставува збир на сите клучни точки од предходните поглавја и во него се резимирани најважни аспекти на Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово. Прикажани се сите мерки и активности кои ќе се преземаат на територијата на општината бо текот на 2027 година и како тие ги следат стратешките цели од стратешките национални и општински документи.

## Заклучок и збир на клучни точки од сите делови, кои се во согласност со стратешките цели, мерки и активности, финансиска рамка и индикатори за мониторинг

Општина Куманово како најголема општина во Република Северна Македонија, во изминатиот период има континуиран енергетски развој, како во делот на производство на електрична енергија, дотолку повеќе во областа

на природниот гас. Мора да се забележи дека и во делот на енергеткста ефикасност, особено на јавните објекти, може да се каже дека Куманово предначи во однос на другите општини. Овој план за 2027 година е само продолжување на континуитетот во енергетскиот развој на општината. Секако, општинскиот енергетски план ги следи актуелните трендови на развојот на енергетиката и е во иста линија со националните планови, кои во овој период се ориентирани кон одржлив развој, енергетска безбедност, обновливи извори и нивно балансирање со складишта за одложено користење на енергијата, како и енергетска ефикасност.

Од локална перспектива, а според доставените иницијативи од инвеститори за изградба на енергетски објекти за 2027 година, би можело да се оцени дека истите го помагаат и подобруваат локалниот енергетски систем. Оваа проценка произлегува од фактот што сите иницијативи за изградба на енергетски објекти подразбираат складишта (батериски системи) во постоечки приклучени електроцентрали, или нови електроцентрали во кои е предвидено интегрирано складиште.

Важно е да се има во предивид дека батериските системи во постоечки фотонапонски електроцентрали можат само да го растеретат локалниот енергетски систем, балансирајќи ги оптоварувањата. Со други зборови, кривата на инјектирана моќност во системот нема толку големи осцилации, со што производството ја следи потрошувачката во локалната мрежа, па оттука и локалната мрежа станува подобро избалансирана. Уште повеќе, складиштата (независно дали се самостојни или дел од електроцентрала) можат во секој момент да повлечат моќност од системот, во временски интервали кога системот има вишок, па на тој начин го помагаат системот давајќи системски услуги.

Конкретно, во текот на 2027 година е планирана изградба на 26 нови електроцентрали со интегрирани складишта на енергија со вкупно инсталирана моќност од 24 MW. Понатаму, во 2027 година во општина Куманово се планира изградба, поточно изведување на батериските системи за складирање на електрична енергија поставени самостојно или во постоечки електроцентрали. Конкретно, во 2027 година е планирана е изградба на вкупно 38 батерии, односно складишта на електрична енергија, со вкупно инсталирана моќност од 34,5 MW и капацитет од 120,9 MWh.

Иако Куманово, во однос на другите општини во Македонија, предничи во изградена мрежа за дистрибуција на природен гас и број на приклучени корисници, не значи дека нема простор за понатамошен континуиран развој. Така, во 2027 година во планот е планирана гасификација на 8 улици, доградба на 6.530 метри нова мрежа за дистрибуција на природен гас, со што ќе овозможи приклучување на дополнителни 460 нови потрошувачи.

Што се однесува до енергетската ефикасност, во 2027 година е предвидена реконструкција на фасади за подобрување на енергетска ефикасност на два јавни објекта.

Сите овие планирани активности, освен што се усогласени со националните планови и стратегии, истите се усогласени со жителите на општина Куманово преку јавни дебати и ги следат нивните барања и потреби.

Конечно би можело да се каже дека Општинскиот енергетски план за 2027 година за општина Куманово и покрај фактот што вклучува изградба на многу енергетски објекти, истиот е реален и остарлив, што впрочем ќе може да се заклучи по негова реализација по која ќе следи евалуација на крајот на годината.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој План влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“

Бр. 09 – 8190/6 Совет на Општина Куманово
22 мај 2026 година Претседател,
Куманово **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**293.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“ и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 202/24) и член 186, став 6 и 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 , 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## РЕШЕНИЕ
### за констатирање на престанок на мандатот – Директор на Јавна Општинска Установа Дом за стари лица „Зафир Сајто“ - Куманово

1. Мандатот на директор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ -Куманово, **Дејан Стојановски**, престанува, поради истек на мандатот за кој е избран, заклучно со 27.05.2022 година;

2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово за избор на директор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" - Куманово, бр. УП1 08-3326 од 03.05.2022 година.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 27.05.2026 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово";

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, бр.УП1 08-3326 од 03.05.2022 година, Дејан Стојановски беше избран за директор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" -Куманово, со мандат од 4 години.

Согласно одредбите од Законот за социјална заштита за периодот на траењето на мандатот на директор на јавната установа и за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:**
На ова Решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Бр. УП1 - 08-3326/2022
12.05.2026
Куманово

Општина Куманово
Градоначалник,
**Максим Димитриевски, с.р.**

294.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 202/24 ), член 186 став 6 и 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и Предлог-одлука за кандидат за директор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" Куманово бр.02-380/1 од 08.05.2026 година на Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто"- Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**за избор на директор на Јавна Општинска Установа Дом за стари лица „Зафир Сајто"- Куманово**

1. **СЕ ИЗБИРА Александар Крстевски** за директор на Јавна Општинска Установа Дом за стари лица „Зафир Сајто" - Куманово;
2. Мандатот на директор од точка 1 на ова Решение, трае четири години;
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 28.05.2026 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ Куманово, по донесена одлука за повторно расишување на јавен оглас за избор на директор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ Куманово бр. 02-323/1 од 21.04.2026 година и спроведена постапка, до Градоначалникот на Општина Куманово достави Предлог- одлука за кандидат за директор на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“-Куманово бр. 02-380/1 од 08.05.2026 година. Со предло- одлуката е предложен Александар Крстевски како единствен пријавен кандидат на огласот.

Констатирајќи дека претходната постапка е во согласно со закон, како и утврдувајќи дека предложениот кандидат ги исполнува условите за директор на јавната установа, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>Упатство за правно средство</u>: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето за извршен избор за директор, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Бр. 08-7840/1
12.05.2026
Куманово

Општина Куманово
Градоначалник,
**Максим Димитриевски, с.р.**

## СОДРЖИНА

**283.** Заклучок за објавување на Одлука за давање на користење без надомест на недвижна ствар, сопственост на Општина Куманово на здружение на граѓани „Доверба“............. 590

**284.** Одлука за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Здружение на граѓани „Доверба“ Куманово............................................................. 590

**285.** Заклучок за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар, сопственост на Општина Куманово без надоместок на Европска Унија, Делегација на ЕУ во РС Македонија.................................................. 591

**286.** Одлука за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Европска Унија, Делегација на ЕУ во Р.С.Македонија...... 591

**287.** Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета висина на штети од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Куманово во 2025 година............................ 592

**288.** Одлука за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета висина на штети од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Куманово во 2025 година......................................................... 593

**289.** Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за преземање на 1(еден) административен службеник.................. 593

**290.** Одлука за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за преземање на 1(еден) административен службеник.................. 594

**291.** Заклучок за објавување на Општински енергетски план за 2027 за Општина Куманово................................. 595

**292.** Општински енергетски план за 2027 за Општина Куманово..................... 595

**293.** Решение за констатирање на престанок на мандатот – Директор на Јавна Општинска Установа Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово 633

**294.** Решение за избор на директор на Јавна Општинска Установа Дом за стари лица „Зафир Сајто“-Куманово 634